РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр. 1409-25/13
16. 11. 20 22

Врз основа на член 48 став (2) точка 3 и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 45-та седница одржана на 31.10.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на проектот за основање на Факултет за дентална медицина, на приватната високообразовна установа Меѓународен Балкански Универзитет во Скопје**

1. Се акредитира проектот за основање на Факултет за дентална медицина, на приватната високообразовна установа Меѓународен Балкански Универзитет во Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената одлука бр. 100.60/2020 од 22.10.2019 година од Сенатот на универзитетот, за усвојување на проектот за основање на Факултет за дентална медицина, Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.1409-25/1 од 31.01.2020 година за прифаќање на проектот, односно за акредитација на Факултет за дентална медицина.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3-та седницата одржана на 01.07.2020 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.1409-25/8 од 03.12.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 9-та седница одржана на 30.11.2020 година и дополнително (по доставување на Одлука бр.40-9950/1 од 28.09.2021 година за давање на Одобрение за основање на Факултет за дентална медицина при Приватниот Меѓународен Балкански Универзитет во Скопје донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија) на својата 45-та седница одржана на 31.10.2022 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование
Проф.д-р Татјана Стојаноска Иванова